Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 30.10.2020

На 29.10.2020 во 13.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Р.Ѓ.(50), од гостиварско Леуново, кој претходно извршил тешка кражба во магацин на угостителски објект во Маврови анови, пријавена во 10 часот во СВР Тетово од сопственикот на објектот Р.С.(65) од Маврово. По документирање на случајот, против Р.Ѓ. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.10.2020 во 11.00 часот во Полициската станица Карпош, С.П.(39) од Скопје на ул. „Каирска" бил каснат од куче скитник.

На 29.10.2020во 18.30 часот било пријавено дека во Скопје,на крстосницатаод ул. „Бутелска"и ул.„Љуботенски пат"се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило„ауди А4", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(37) од Скопје, мотоцикл „пијаџо беверли", со скопски регистарски ознаки, управуван од А.П.(33) од Скопје, патничко возило „фиат брава", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Ц.(31) од Скопје и патничко возило „рено клио", со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.В.(65) од Скопје. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.10.2020 во 19.06 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, М.Б.(50) од Скопје пријавил дека на насип на река Вардар, кај место викано „Састав", неговата 13-годишна ќерка била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Н.И.(21) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба во обид". На 12.10.2020 пријавениот, со намера да се стекне со противправна имотна корист, вегол во поранешна фабрика во Свети Николе и со употреба на подесен алат се обидел да одземе предмети, но во извршувањето на кривичното дело бил затекнат од полициски службеници од Полициската станица Свети Николе.

Надворешната канцеларија за криминалистички Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.Б.(42) од Гостивар, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 07.06.2020 од полициски службеници во с.Чајле, гостиварско, е сопрено патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, а при извршен преглед кај пријавениот бил пронајден кокаин.

Одделението за криминалистичка полиција Охрид поднесе кривична пријава против Г.М.(44) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 27.12.2019 при извршен претрес од полициски службеници во домот на пријавениот во с.Оздолени, биле пронајдени и одземени 831,48 гр. мешавина од марихуана и тутун и 1.043 семки од растението Cannabis.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.Ј.(45) од Гостивар, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.07.2019 околу 22.30 часот од полициски службеници во с.Здуње, гостиварско, сопрено е возило ,,ауди" управувано од пријавениот, а при извршен преглед на возилото пронајдени се марихуана и мешавина од тутун и марихуана.

На 29.10.2020 во 17.15 часот во Полициската станица Кочани, од Општата болница Кочани било пријавено дека за укажување на лекарска помош се јавил Ф.В.(25) од Кочани, кој, според пријавеното, при пад од мотор на 28.10.2020 околу 23.30 часот на Полатски пат се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Кочани. За случајот бил запознат Јавен обвинител и се работи на негово комплетирање.

На 29.10.2020 во Полициска станица Гевгелија бил лишен од слобода Б.К.(76) од Гевгелија, бидејќи во канцеларија на извршител Д.Д.(46) во Гевгелија, каде покрај Б.К. (како должник) биле присутни и доверител П.П.К.(66) од Гевгелија и адвокат Д.А.(59) од Нов Дојран, тој вперил пиштол кон П.П.К., но бил спречен во намерата од Д.А. По приведувањето Б.К. изјавил дека пиштолот бил „плашливец" и го фрлил во река Вардар во близина на мотел. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.10.2020 во СВР Куманово било пријавено дека околу 13.00 часот кај с.Умин дол, кумановско, едно лице со закана одзело пари од М.У.(26) од Пакистан. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.10.2020 во 20.45 часот во Полициска станица Ресен било пријавено дека во возило на Итна медицинска помош починал Б.К.(46) од Р.Албанија, кој бил сезонски ангажиран во с.Курбиново. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот е предадено на обдукција.

На 29.10.2020 во 19.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачје на Гази Баба едно лице со закана одзело пари од вработениот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.10.2020 околу 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Визбегово, скопско, во објект за бездомници бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Ш.(23) и Е.М.(40), од една страна и Д.Т.(48) од друга, сите од Скопје. Сочинет е записник за константиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 29.10.2020 во 21.35 часот во СВР Скопје, П.Ќ.(48) од Скопје пријавил дека околу 21.05 часот на подрачјето на Центар, додека извршувал работни задачи како такси возач, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.10.2020 во 19.00 часот во СВР Скопје, М.Д.У.(35) од Скопје пријавила дека на ул. „Скоевска" била касната од куче скитник.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против Н.Т.(18) од Кочани, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривични дела ,,пренесување заразна болест" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавениот, за време на проглесена пандемија на коронавирус, иако бил должен да ја почитува мерката за изолација во домашни услови, согласно решение од Државниот здравствен и санитарен инспекторат, на 17.10.2020 во Кочани организирал семејна прослава во домот на која присуствувале поголем број лица. Со наведеното дејствие постапил спротивно на посебните мерки за заштита на населението од заразни болести и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирус ковид-19.

На 29.10.2020 во 15.45 часот во СВР Скопје, З.З.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Јани Лукровски" бил каснат од куче скитник.

На 29.10.2020 во 11.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на парк на подрачјето на Аеродром бил пронајден починат С.С.(40) од Скопје, без видливи траги на насилство. По наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Н.Ј.(67) од с.Отошница, бидејќи на 16.10.2020 околу 23.00 часот, пријавениот физички нападнал жена од кривопаланечко, обидувајќи се да изврши обљуба на неа.